МЛС-УК-ЗП-03

# Политика за управување со квалитет

Министерството за локална самоуправа се стреми за децентрализиран и оддржлив систем на локалната самоуправа, усогласен со европските стандарди и практики.

Преку следење на имплементацијата на актуелните и предлагање на нови политики, Министерството за локална самоуправа се грижи за функционалноста на системот на локалната самоуправа од аспект на спроведување на законските надлежности во функција на испорака на квалитетни и воедначени јавни услуги за граѓаните, како и за начините на остварување на нивните со закон загарантирани права за директно и индиректно вклучување во процесите на одлучување на локално ниво.

Во остварување на своите надлежности, Министерството за локална самоуправа негува отворен и одговорен пристап кон граѓаните и правните субјекти, другите државни институции, јавни претпријатија, меѓународни организации со кои што соработува, со своите вработени и со целокупната општествена заедница.

Со исполнувањето на стандардите и применувањето на ИСО 9001:2008 во работењето на Министерството за локална самоуправа ќе се создадат услови за подобрување на управувањето со процесите и раководењето на човечките ресурси во институцијата, како и зголемување на продуктивноста и континуирано подобрување на услугите за крајните корисници на услугите на Министерството за локална самоуправа, пред се на Единиците на локална самоуправа.

Во оваа насока, Министерството за локална самоуправа воспостави ефективен систем за управување со квалитет, ориентиран кон:

- имплементирање на проекти за пристап до европските фондови наменети за развој на регионите;
- поттикнување на рамномерен регионален равој;
- овозможување на одржлив развој на општините;
- зајакнување на прекугранmicен економски развој, кој има за цел да го унапредува одржливиот економски развој преку заеднички интервенции и поттикнување на прекуграничните односи;
- зајакнување на свеста за унапредување на заедничките активности за заштита на природната и на културната средина и мобилизирањето на природни и културни ресурси;
- постојано предлагање мерки за локален развој;
- подобрување на животниот стандард на населението во сите плански региони, заштита на животната средина и развој на општините во Република Македонија;
- зголемување на задоволството кај корисниците на услугите;
- социјална одговорност да ја заштитиме животната средина, и нашите идеи, размислувања и активности насочени се кон идните генерации;
- постојано информирање на јавноста за нашите делувања преку веб страната: www.mls.gov.mk;
- перманентна соработка со сите организации и институции за позитивен придонес во развојот и унапредувањето на општествената заедница;
- постојано унапредување на знаењата на вработените преку обуки и тестирања;
- активно вклучување на сите вработени во активностите на министерството;
- целосно исполнување на барањата на меѓународниот стандард за квалитет ИСО 9001:2008.

МИНИСТЕР

M-r. Lirim Shabani